Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на Закон за управување со пакување и отпад од пакување |
| Одговорно лице и контакт информации: | Ана Каранфилова Мазнева, Раководител на Секторот за управување со отпад |
| Вид на Извештај: | ☐Нацрт<br>☒Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☒ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ Друго |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | Директивата на Европскиот Парламент и на Советот од 20 Декември 1994 година за пакување и за отпад од пакување (94/62/ЕС) |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 03.12.2019 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 18.05.2020 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | 08.06.2020 година |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Декември 2020 година |

# 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

## 1.1 Опис на состојбите

Република Северна Македонија генерално се соочува со предизвици во однос на управувањето со отпадот. Управувањето со отпадот од пакување претставува еден сегмент на управувањето со отпад во Република Северна Македонија.

Управувањето со пакување и отпад од пакување во Република Северна Македонија е уредено со Законот за управување со пакување и отпад од пакување ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2009; 17/2011; 47/2011; 136/2011; 6/2012; 39/2012; 163/2013; 146/2015 и 39/2016)). Овој закон се применува на сите видови на пакувања кои се пуштаат на пазарот на територијата на Република Северна Македонија и на целиот отпад од пакување кој се создава во домаќинствата и од вршењето на индустриска, трговска, продажна, услужна, административна, како и друга дејност на територијата на Република Северна Македонија, без оглед на видот на материјалот на пакувањето и на отпадот од пакување. Законот во моментот на усвојување се усогласуваше со Директивата на Европскиот Парламент и на Советот од 20 Декември 1994 година за пакување и за отпад од пакување (94/62/EC).

Сегашниот Закон за управување со пакување и отпад од пакување ја утврдува рамката за управување со пакување и отпад од пакување, која претежно се заснова на начелото на одговорност на производителот. Врз основа на направените анализи, досегашниот систем за управување со пакување и отпад од пакување се спроведуваа од неколку самостојни и колективни постапувачи за управување со отпад од пакување кои ги спроведуваат обврските на производителите што произлегуваат од овој закон. Но, значителен дел на производители на пакувања се уште не се приклучени кон воспоставените системи, како и голем дел од количините пакување пуштени на пазарот не се селектираат, собираат и рециклираат. Од тие причини, меѓу другите, резултатите од неговото спроведување покажаа слабости и неможност да се постигнат пропишаните цели на законот.

Воедно, на ниво на ЕУ заради спроведување на принципот на циркуларна економија, Директивата 94/62/ЕЗ е изменета со Директива (ЕУ) 2018/852 на Европскиот парламент и на советот од 30 мај 2018 година за изменување на Директивата 94/62/ЕЗ за пакување и отпад од пакување. Овие измени на Директивата не се транспонирани во Законот за управување со пакување и отпад од пакување и како такви истите треба да се транспонираат во националното законодавство.
Во овој поглед, предлог законот е резултат на потребата за доусогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ како и формулирање на нови законски решенија кои ќе го подобрат спроведувањето на правната рамка за управување со пакување и отпад од пакување.

## 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Постојат неколку причини од кои произлезе потребата за нови законски решенија за управување со пакување и отпад од пакување, и тоа:

- потребата за доусогласување на националното законодавство со последните измени на Директивата 94/62/ЕЗ за пакување и отпад од пакување;
- потребата за исклучување од примена на одредбите на законот кои се однесуваат на колективните и самостојните системи, кои од сега понатаму ќе се уредуваат со посебен Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад,
- потребата за идентификација на сите производители кои пласираат пакувања на пазар во Реублика Северна Македонија, со тоа што се воспоставува обврска за регистрација на производителите во Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП),
- со регистрацијата на сите субјекти кои пуштат на пазар спакувани стоки, МЖСПП ќе има увид и можност да утврди дали производителите се вклучени во колективните системи за управување со отпад од пакување,
- воспоставување на обврска на производителите од странство кои не се регистрирани во Република Северна Македонија, а кои пуштат на пазар на спакувани стоки од странство преку е-трговија да назначат застапник кој ќе биде одговорен за управување со отпадот од пакување,
- детално утврдување на обврските на економските оператори во управувањето со пакување и отпад од пакување, и
- воспоставување на правна рамка за забрана за пуштање на пазар на пластични кеси за носење на стоки и потикнување на користењето на кеси за повеќекратна употреба.

## 2. Цели на предлог регулативата

Основните цели на овој предлог закон се:

- намалување до најмало можно ниво на негативното влијание на пакувањето и на отпадот од пакување врз животната средина и врз здравјето на луѓето, и
- унапредување на стандардите за заштита на животната средина од страна на економските оператори во текот на животниот циклус на пакувањето, а особено при третманот, повторната употреба, преработката и отстранувањето на отпадот од пакување.

Покрај основните цели, во согласност со начелото на циркуларна економија, со овој предлог закон треба да се постигнат и следниве цели:

- да се спречи создавањето на отпадот од пакување;
- да се намали и ограничи употребата на штетни метали и материи и други отровни супстанци во пакувањето, и со тоа да се постигне намалување на токсичноста на отпадот од пакување;
- да се постигне одделно собирање на отпадот од пакување на местото на неговото создавање;
- да се постигне високо ниво на повторна употреба, рециклирање и други видови на преработка на отпадот од пакување, со тоа и намалување на депонирањето на отпадот од пакување;

- да се обезбедат поволни услови за воспоставување и развој на пазарот за повторно употреба, рециклирање и други начини на преработка на отпадот од пакување;
- да се обезбеди функционирање на пазарот без пречки во трговијата и обезбедување на еднаква положба на пазарот на домашните и странските правни и физички лица, како и избегнување на трговските бариери кои можат да ја нарушат конкуренцијата во пазарот;
- намалување на потрошувачката на енергија и на употребата на примарни суровини при производството на пакување и поттикнување на третманот на отпадот од пакување;
- да се поттикне користење на најдобри достапни технологии за третман, преработка и рециклирање на отпадот од пакување, и
- да се обезбедат услови за да се поттикне производството на пакување за повторна употреба кое е биоразградливо.

## 3. Можни решенија (опции)

Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот
При подготовката на предлог законот беа разгледани две опции и тоа:

### *3.1.* *<u>ОПЦИЈА 1</u> - „не прави ништо“ недонесување на нов* Закон *за управување со пакување и отпад од пакување*

Со оваа опција состојбата во управувањето со пакување и отпад од пакување ќе остане непроменета т.е. постои многу мала веројатност дека ќе се случат крупни позитивни промени во досегашното управување со пакување и отпад од пакување за да се отстранат слабостите при спроведување на законот.
Воедно, усвојувањето на новиот Закон за управување со отпадот и Законот за проширена одговорност на производителот во управувањето со посебните текови на отпад, внесуваат нов пристап во управувањето со отпадот во Република Северна Македонија, такашто и ќе создадат тешкотии на спредување на барањата на постојниот Закон за управување со пакување и отпад од пакување.
Преку опцијата „не прави ништо“, обврската за усогласување на националното законодавство со важечкото законодавство на Европската Унија т.е. со Директивата 94/62/ЕЗ за пакување и отпад од пакување, ќе остане делумно усогласена и обврска за усогласување ќе се одложи за нареден период.

### 3.2 *<u>ОПЦИЈА 2</u> – донесување на нов Закон за управување со пакување и отпад од пакување*

Реализацијата на оваа опција би значело:
- забрзување на процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ;
- прилагодување на законодавство за отпад од пакување со новиот пристап на управување со отпадот воведен со Законот за управување со отпадот и Законот за проширена одговорност на производителите во управувањето со посебните текови на отпад;

- допрецизирање на законските одредби и обврските на економските оператори што ќе придонесе кон ефикасно спроведување на системот за управување со пакување и отпад од пакување во Република Северна Македонија преку конкретно дефинирање на нивната регистрација, приклучување на системите за управување со отпадот и известување,
- применување на начелата на циркуларна економија и обезбедување на нивно применување во целокупниот животен циклус на пакувањето,
- обезбедување на одделното собирање на отпадот од пакување,
- обезбедување на исполнување на количините поставени со целите за преработка и рециклирање на отпад од пакување.

Имено, со оваа Опција ќе се отстранат суштинските слабости во управувањето со пакување и отпад од пакување кои се покажаа во изминатиот период. Воедно, усвојувањето на новиот Закон ќе значи исполнување на обврската на Република Северна Македонија за транспонирање на европското законодавство во националното законодавство.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

**<u>Опција 1 „не прави ништо“</u>**

### *4.1 Економски влијанија*

*<u>Негативни влијанија</u>*

Досегашното спроведување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување, покажува дека не сите производители на спакувани производи кои пласираат производи во пазарот на Република Северна Македонија се приклучени кон воспоставените индивидуални и колективни системи, односно тие што не се приклучени во системите не го плаќат редовно пропишаниот надоместок. Во ваква ситуација, доколку се продолжи со истиот пристап економски ќе бидат оптоварени само лојалните производители кои одлучиле да ги исполнуваат законските барања, при што се јавува нелојална конкуренција на пазарот.

### *4.2 Фискални влијанија*

*<u>Негативни влијанија</u>*

Неспроведувањето на сегашните законски барања, генерално влијае врз животната средина и здравјето на граѓаните со тоа што се очекува и зголемување на болничките трошоци за луѓето и зголемување на трошоците на државата за здравствена заштита. Дополнително, ваквата состојба доведува до трошоци од аспект на користење на боледувања кои се товар на Фондот за здравствено осигурување.

Одделно несобраниот и непреработениот, односно рециклиран отпад од пакување, завршува во комуналниот отпад при што се зголемуваат количините на депониран отпад, како и отпад исфрлен на нестандардните депонии и ѓубришта. За истото се трошат поголеми средства за чистење, како и управување со негативните влијанија врз животната средина.

Постојниот закон пропишува плаќање на надоместок од страна на производителите кои не се приклучени во самостојните или колективните системи за управување со пакување и отпад од пакување. Тој во моментов во голема мера не се наплатува, а со новите законски решенија, ќе се намали можноста за избегнување на плаќањето на надоместокот преку воведување обврска за Управата за јавни приходи да го следи плаќањето на надоместокот од обврзниците.

### *4.3 Социјални влијанија*

*Позитивно влијание*

Делумно. Постојниот Закон несомнено ја подобри состојбата во поглед на социјалните влијанија споредено со состојбата пред неговото донесување (основање на неколку собирачи и колективни постапувачи кои донесоа и одреден број нови работни места), но потенцијалот на овој сектор од аспект на целиот потенцијал на циркуларна економија не е целосно искористен.

*Негативни влијанија*

Досегашното спроведување на правната рамка за управување со пакување и отпад од пакување покажа низок степен на собирање, преработка и рециклирање на отпадот од пакување.
Недоволното искористување на отпадот од пакување како ресурс преку повторна употреба и рециклирање значи намалени можности за отворање на нови капацитети за преработка и рециклирање со тоа што и намалени можности за отварање на нови работни места со тоа што и негативно се влијае врз стапката на невработеност во државата.
Истовремено, голем дел од собирачите на отпад од пакување се уште се дел од неформалната економија и не ги ползуваат правата од работен однос.

### *4.4 Влијанија врз животната средина*

*Негативни влијанија*

Со изборот на опцијата "Не прави ништо" се доведува во прашање спроведувањето на сегашниот закон поради новиот пристап за управување со посебните текови на отпад воведен со новите закони (Законот за управување со отпадот и Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад). Исто така, идентификуваните правни недостатоци во сегашниот закон ќе продолжат да бидат пречка за надминување на негативните влијанија врз животната средина кои веќе се манифестираат како на пример:

- недоволно одделно собирање на отпадот од пакување,
- отстранување на отпадот од пакување како несортиран комунален отпад,
- отстранување на отпадот од пакување преку депонирање поради несортирањето,
- користење на природните ресурси наместо рециклирање на материјалите,
- негативно влијание на отпадот од пакувањето врз животната средина и врз здравјето на луѓето,
- постојано зголемување на користењето на пластични кеси кои имаат големо негативно влијание врз медиумите на животната средина и

- други негативни влијанија.

### *4.5 Административни влијанија и трошоци*

*а) трошоци за спроведување*

Нема влијание.

*б) трошоци за почитување на регулативата.*

Нема влијание.

***<u>Опција 2 - Донесување на нов Закон за управување со пакување и отпад од пакување</u>***

Можни позитивни и негативни влијанија:

### *4.1 **Економски влијанија***

Спроведувањето на новиот Закон за управување со пакување и отпад од пакување ќе има позитивни влијанија врз економијата и тоа:

- создава еднакви услови за домашни и странски производители кои пуштаат на пазар спакувани стоки;
- ќе ја елиминира нелојалната конкуренција меѓу компаниите кои пуштаат на пазар спакувани стоки од кои настанува отпад од пакување;
- ќе се создаде простор за отворање на нови компании, првенствено мали и средни претпријатија во областите на собирање, транспорт, третман и повторна употреба на отпад од пакување;
- ќе го намали, а на подолг рок и ќе го елиминира постапувањето со отпадот од пакување на незаконски начин;
- ќе овозможи достапност на суровини за рециклаторите кои моментално функционираат во државата, а ќе поттикне и отворање на нови компании за рециклирање,
- отворање на нови работни места и подигнување на животниот стандард.

Економските оператори во управувањето со пакување и отпад од пакување се очекува да имаат трошоци за операциите за собирање, транспорт, третман, информирање на јавноста и како други административни трошоци. Овие трошоци производителите ги имале и согласно сегашниот ситем.

Како дополнителни трошоци, економските оператори ќе ги имаат трошоците за отворање на банкарски гаранции и трошоците за финансирање на системите за управување со отпад од пакување.

### 4.2 ***Фискални влијанија***

*<u>Негативни:</u>* Со предлог законот не се воспоставуваат големи обврски за државните органи кои би наметнале дополнителни средства за буџетот на централната или локалната власт.

*Позитивни:* Со новиот закон се потврдува досегашниот систем за определување на надоместок за постапување со отпад од пакување, и истиот се унапредува во смисла на ограничување на можноста за неплаќање на надоместокот.

Според одредбите на Законот, производителот е должен да обезбеди финансиска гаранција за да го гарантира исполнувањето на обврските од законот, а доколку производителот преку колективниот постапувач не ги остварува законските обврски и националните цели, ќе биде активирана финансиската гаранција на начин како што е предвидено со Законот за проширена одговорност на производитот за управувањето со посебните текови на отпад. Средствата од финансиската гаранција се непланиран приход на Буџетот на Република Северна Македонија, а ќе се користат за реализација на Програмата за управување со посебните текови на отпад.

### *4.3 Социјални влијанија*

Позитивни: Со примената на новиот предлог закон се очекува да се зголеми собирањето, преработката и рециклирањето на отпадот од пакување. При што се очекува да се развие пазарот на преработка и рециклирање со тоа и зголемување на работните места во овој сектор.
Очекуваните позитивни влијанија врз животната средина ќе го намалат и ризикот од заболувања на населението, со што ќе се намалат и трошоците на јавниот здравствен сектор и трошоците на граѓаните за евентуално лекување.

Негативни:
Можни се незначителни влијанија во однос на:
- зголемувањето на продажните цени на спакуваните производи што може да има влијание врз животниот стандард на населението, и
- поради воведувањето на надоместокот за биоразградливи кеси, користењето на биоразградливи кеси ќе се намали со тоа што може да се намали и работната сила во субјектите кои произведуваат пластични кеси.

### *4.4 Влијанија врз животната средина*

Позитивни влијанија:
Предлог законот, како и сегашниот закон прецизно ги пропишува барањата кои треба да ги исполнуваат пакувањата пред да се пуштат на пазар во Република Северна Македонија, и тоа:
- барања во однос на производството и составот на пакувањето,
- барања во поглед на природата на пакувањата кои се наменети за повторна употреба,
- барања во поглед на погодноста на пакувањето за преработка,
- барања во поглед на нивото на концентрација на тешки метали во пакувањето,
- примена на стандарди при управувањето со пакување и отпад од пакување и
- идентификација и означување на пакувањето.

Заради намалување на прекумерното користење на пластичните кеси, предлог законот забранува пуштање на пазар на пластични кеси за носење на стоки и потикнува пуштање на пазар на биоразградливи кеси со плаќање на надоместок од срана на крајните корисници. Ова мерка се очекува да ги охрабри крајните корисници да користат кеси за повеќекратна употреба, со тоа што се очекува да се намали користењето на пластичните кеси.

Воедно, новиот предлог закон пропишува нови цели за собирање, преработка и рециклирање како и предвидува можност за производителите да утврдуваат „Прилагодени цели" за примарното пакување. Преку овој инструмент се потикнува повторната употреба на примарно пакување.

Со примената на барањата од новиот предлог закон, се очекува да се постигнат националните цели за собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање, со тоа што ќе се обезбеди минимизирање на отпадот од пакување кој ќе се отстрануваат на депонии, а со тоа ќе се обезбедуваат материјални ресурси кои се замена и истовремено заштеда на природните ресурси.

Негативно влијание: Не се очекуваат негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето.

*4.5 Административни влијанија и трошоци*

*а) трошоци за спроведување*

На подолг рок, со модернизацијата на системот за евиденција на податоците од економските оператори вклучени во управувањето со пакување и отпад од пакување се очекува намалување на административните трошоци кај државните органи и економските оператори.

*б)трошоци за почитување на регулативата*

Нема влијание.

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Предлог законот е објавен на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање и ЕНЕР.

1. Органи на државна управа :
    - Министерство за економија;
    - Министерство за финансии;
    - Министерство за внатрешни работи;
    - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
    - Министерство за здравство;
    - Министерство за информатичко општество и администрација;
    - Министерство за правда;
    - Управа за јавни приходи;

- Заменик претседател на Владата на РМ задолжен за економски прашања;
- Царинска управа на Република Македонија;
- Секретаријат за европски прашања;
- Секретаријат за законодавство;
- Регулаторна Комисија за енергетика;
- Инспекциски совет;
- Државен пазарен инспекторат;
- Државен инспекторат за животна средина.

2. Единици на локална самоуправа
   - ЗЕЛС (Заедница на единици на локална самоуправа).
3. Јавни комунални претпријатија
4. Стопански Комори
   - Стопанска Комора на Република Македонија;
   - Сојуз на Стопански комори и
   - Стопанска Комора на Северозападна Македонија.
5. Здружение на даватели на Комунални услуги - АДКОМ
6. Колективните постапувачи со отпад и
7. Невладини организации кои делуваат во полето на заштитата на животната средина.

На 27 ноември 2019 година презентација и јавна расправа со невладиниот сектор.
На 17 ноември 2019 година уште една јавна расправа со Стопанска комора.
На 18 ноември 2019 година јавна расправа со единици на локална самоуправа и општа јавност.

### *5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Во прилог на овој извештај е приложен табеларен преглед на добиени и вградени мислења.

### *5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

Во прилог на овој извештај е приложен табеларен преглед на одбиени забелешки со образложение.

## 6. Заклучоци и препорачано решение

### *6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

**<u>*ОПЦИЈА* „Не прави ништо“</u>**

<u>Позитивни влијанија</u> –нема, освен делумно социјално влијание
<u>Негативни влијанија</u> –има во следните аспекти:

- Негативни економски влијанија

- сегашната правна рамка не се справува со нелојалната конкуренција, од причина што законот не обезбеди приклучување не сите производители на спакувани производи во индивидуалните и колективните системи

➢ Негативни фискални влијанија

- неспроведувањето на сегашните законски барања, влијае врз животната средина и здравјето на граѓаните со тоа што можно и зголемување на болничките трошоци за луѓето и зголемување на трошоците на државата за здравствена заштита;
- постојниот закон пропишува плаќање на надоместок од страна на производителите кои не се приклучени во самостојните и колективните системи за управување со пакување и отпад од пакување. Со новото законско решение, се очекува да се намалува можноста за избегнување на плаќањето на надоместокот од причина што се воведуваа обврска на Управата за јавни приходи да го следи плаќањето на надоместокот од обврзниците.

➢ Негативни социјални влијанија

- Недоволното искористување на отпадот од пакување како ресурс преку повторна употреба и рециклирање значи намалени можности за отварање на нови работни места со што негативно се влијае врз стапката на невработеност во државата.

➢ Негативни влијанија врз животната средина

Со изборот на опцијата “Не прави ништо” се доведува во прашање спроведувањето на сегашниот закон поради новиот пристап воведен со новите закони (<u>Закон за управување со отпадот и Закон за проширена одговорност на производителот во управувањето со посебните текови на отпад</u>). Истотака, идентификуваните правни недостатоци во сегишниот закон ќе продолжуваат да бидат пречка за надминување на негативните влијанија врз животната средина кои веќе се манифестираат со:

- недоволна присутност на одделното собирање на отпадот од пакување и оставање на отпадот од пакување како несортиран комунален отпад,
- депонирање на отпадот од пакување,
- користење на природните ресурси наместо користењето на рециклирани материјали.

Врз основа на горенаведените влијанија, Опцијата 1 е неприфатлива.

***<u>ОПЦИЈА 2– Донесување на нов Закон за управување со пакување и отпад од пакување</u>***

Во Оцијата 2 се нотирани повеќе позитивни од негативни влијанија. Имено како негативни влијанија може да се набројат следните:

➢ Можни се незначителни негативни социјални влијанија во однос на:

  - зголемувањето на продажните цени на спакуваните производи што може да има влијание врз животниот стандард на населението, и

- поради воведувањето на надоместокот за биоразградливи кеси, користењето на биоразградливи кеси ќе се намали со тоа што може да се намали и работната сила во субјектите кои произведуваат пластични кеси.

Со примена на Опцијата 2 се очекуваат голем број на позитивни влијанија, и тоа:

*Економски влијанија*

- создавање еднакви услови за домашни и странски производители кои пуштаат на пазар спакувани стоки;
- елиминирање на нелојалната конкуренција помеѓу компаниите кои пуштат на пазар спакувани стоки од кои настанува отпад од пакување;
- создавање на простор за отворање на нови компании, првенствено мали и средни во подрачјето на собирање, транспорт, третман и повторна употреба на отпад од пакување;
- намалување, а на подолг рок и елиминирање на постапувањето со отпадот од пакување на незаконски начин;
- овозможување на достапност на суровини за рециклаторите кои моментално функционираат во државата, а ќе поттикне и отворање на нови компании за рециклирање,
- отворање на нови работни места и подигнување на животниот стандард.

*Фискални влијанија*

- ограничување на можноста за избегнување на плаќањето на надоместокот за управување со отпад од пакување за тие производители кои не се дел од колективните системи
- финансиска гаранција за да се гарантира исполнувањето на обврските од законот,

*Социјални влијанија*

- развивање на пазарот на преработка и рециклирање со тоа и зголемување на работните места во овој сектор

*Влијанија врз животната средина*

- пуштање на пазар на пакувања кои ги исполнуваат:
    - барањата во однос на производството и составот на пакувањето
    - барањата во поглед на природата на пакувањата кои се наменети за повторна употреба
    - барањата во поглед на погодноста на пакувањето за преработка
    - барањата во поглед на нивото на концентрација на тешки метали во пакувањето
    - барањата за примена на стандарди при управувањето со пакување и отпад од пакување
    - барањата за идентификација и означување на пакувањето
- намалување на прекумерното користење на пластичните кеси,
- потикнување на крајните корисници да користат кеси за повеќекратна употреба,
- воспоставени се национални цели за собирање, преработка и рециклирање,

- потикнување на повторната употреба за примарното пакување,
- зголемување на степенот на оделно собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање, со тоа што намалување на количините на отпадот од пакување отстранет преку депонирање.

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

За Опцијата 1 „не прави ништо " поради воспоставениот нов пристап со Законот за управување со отпадот и Законот за проширена одговорност на производителите во управувањето со посебните текови на отпад, можно е да се појави правна неконзистентност.

За Опција 2, не се нотирани ризици.

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Да се прифати Опцијата 2 и да се донесе новиот Закон за управување со пакување и отпад од пакување.
Оваа опција има позитивно влијание во сите погоре анализирани области и релативно мал број негативни влијанија кои со доследна примена на законот и во догледен временски период можат да се елиминираат.
Со оваа опција се очекува да се отстранат најсуштинските слабости во управувањето со пакување и отпад од пакување кои се манифестираа во изминатиот период. Со остварување на претходно опишаните цели во овој документ, очекувано е квалитетот во управувањето со отпадот од пакување да се унапредува и на долгорочен план да се достигне нивото на земјите на Европската Унија, со доследна примена на начелата на циркуларната економија. Конечно, новиот Закон ќе значи и исполнување на обврската за транспонирање на важечкото европсното законодавство во националното законодавство.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

*Нема*

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

За да се обезбеди спроведување на новиот закон потребно е да се донесуваат подзаконските акти со правен основ во предлог законот во рок од една година од донесувањето на овој закон.
Воедно, за некои одредби од законот е потребно да се донесуваат и подзаконски акти кои се предвидени да се усвојуваат врз основа на Законот за проширена одговорност на производителот во управувањето со посебните текови на отпад.

### 7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Заради спроведување на Законот потребно е да се преземат низа активности со цел негово ефикасно спроведување и тоа:

1. во временскиот период определен во законот потребно е да се подготват и усвојат подзаконските акти од овој закон,
2. усвојување на подзаконските акти од Законот за проширена одговорност на производителот во управувањето со посебните текови на отпад кои се директно поврзани со овој закон,
3. информирање на крајните корисници, трговци, како идруги субјекти за новиот ситем за управување со пакување и отпад од пакување
4. следење на законодавството на ЕУ при подготовка и усвојување на подзаконските акти.

## 8. Следење и евалуација

8.1 Начин на следење на спроведувањето

Министерството за животна средина и просторно планирање ќе го следи примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.
Ефектите од спроведување на Предлог-Законот ќе бидат прикажани преку годишниот извештај на стручниот орган при Министерството за животна средина кој ќе биде достапен за јавноста преку ВЕБ страницата на Министерството.

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Евалуацијата на ефектите од имплементација на новиот предлог закон може да се следи врз основа на следните индикатори и тоа:

1. број на регистрирани производители кои пласират на пазар спакувани стоки,
2. бројот на регистрирани мали производители,
3. количеството на пакувања пуштени на пазарот по производител, вид на материјал и категорија,
4. местата за повратен прием на отпад од пакување по региони и општини,
5. собирните места и нивна дистрибуција по региони и општини,
6. собирните центри и нивна дистрибуција по региони и општини,
7. постигнатите цели за собирање, преработка и рециклирање,
8. количеството на извезени пакувања,
9. собрани средства по основ на платен надоместок,
10. анализа на бројот на изречени глоби,
11. анализа на траењето на прекршочните постапки и
12. анализа на наплатата на изречените глоби.

## Изјава од државниот секретар

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум:_______________ ..................................................

потпис на државен секретар,

Каја Шукова

Изјава од министерот

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум:______________ ............................................

потпис на министер,

Naser Nuredini

| Предлози и забелешки по предлог на законите за управување со отпад | | |
|---|---|---|
| Предложени измени | Прифатени /Одбиени<br>(причини) | Корекции во предлог законот |
| **3.ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ** | | |
| **М-р. Биљана Стевановска, претседател на организација ОРТ –Скопје** | | |
| **Член 10**<br>**Пуштање на пазар на кеси за носење на стоки**<br>Да се избрише став:<br>(2) По исклучок од став (1) на овој член, со плаќање на надоместок од страна на крајните корисници, дозволено е пуштање на пазарот во Република Северна Македонија биоразградливи кеси за носење на стоки кои се произведени согласно пропишаните стандарди за биоразградливост, освен многу лесните пластични кеси за носење на стоки.<br>Наместо него да се додаде со измена нов став:<br>(2) Дозволено е е пуштање на пазарот во Република Северна Македонија биоразградливи кеси за носење на стоки кои се | **Коментарот делумно е прифатен.**<br><br>Членот 10 се разгледа и дополни соодветно со цел истиот што повеќе да придонесува кон намалување на користењето на пластичните кеси, и во долгорочен план истите да се заменуваат од граѓаните со кеси за повеќекратна употреба.<br>Предлогот за дополнување на ставот (2) **не се прифаќа** од причина што истиот предвидува со надоместок да се пуштат на пазар биоразградливи кеси кои може да бидат од различен материјал. Ваквите кеси ќе може да се пуштат на пазар само доколку се во согласност со стандардот за биоразградливост.<br><br>Предлогот надоместокот за пластични кеси да се намали од 10 МКД на 4 МКД не оди во прилог на целта да се потикнуваат граѓаните да користат кеси за повеќекратна употреба т.е да не користат пластични кеси. Од таа причина предлогот за намалување на надоместокот **не се прифаќа**. Доколку надоместокот е низок секој потрошувач ќе си дозволи плаќање на надоместокот и нема да користи кеси за повеќекратна употреба. Доколку надоместокот останува повисок, потрошувачите заради штедење ќе се мотивират да носат кеса за повеќекратна употреба. | Корекции се направени, види ги корекциите во член 10 од предлог законот.<br><br>Корекциите се во насока на специфицирање кои пластични кеси се забранети и кои се дозволени со надоместок. |

| | | |
|---|---|---|
| произведени согласно пропишаните стандарди за биоразградливост од друг вид материјал (текстил, дрво, картон, бамбус, стиропор и друго).<br>Да се избрише став:<br>(3) Надоместокот кој треба да го плаќаат крајните корисници од став (2) на овој член за пластичните кеси за транспорт на стоки изнесува 10 денари за парче и истиот се плаќа на трговецот на местото на продажба.<br>Наместо него да се додаде со измена нов став:<br>(3) Надоместокот кој треба да го плаќаат крајните корисници од став (2) на овој член за кесите за транспорт на стоки изнесува 4 денари за парче и истиот се плаќа на трговецот на местото на продажба. | | |
| **Член 50**<br>**Прекршочни санкции од прва категорија**<br>Да се додаде нова точка:<br>Во став (1) Глоба во износ од 50до 250 евра ....<br>21) несоодветно го третира отпадот од пакување, го заплува, гори на отворено или во ложишта, без добиена дозвола и | <u>**Коментарот се прифаќа.**</u><br><u>Во предлог законот ќе се направат потребните интервенции.</u> | <u>Од предложените три точки само предложената точка под број 23 (22)  е вклучена во предлог законот.</u><br><br><u>За предложените точки 21 и 22 нема обврска во овој закон за да се пропише прекршок.</u><br><br><u>Овие две точки се покриени со законот за отпад.</u> |

| | | |
|---|---|---|
| спроведени соодветни мерки за прочистување на воздухот од емисии на гасови од спалувањето.<br>Да се додаде нова точка:<br>22) собирачи, или рециклатори несоодветно постапуваат со отпадот од пакување, го депонираат во неназначени места, го спалуваат, или го диспонираат во копнени и водени природни предели.<br>Да се додаде нова точка:<br>23) Иста глоба ќе се изрече на физичките лица доколку не го предадат отпадот од пакување на овластените собирачи, туку го третираат несоодветно со запалување на отворено, горење во ложишта без добиена дозвола или спроведени соодветни мерки за прочистување на воздухот од емисии на гасови од спалувањето. | | |
| Стопанска Комора на Македонија, Сојуз на Стопански Комори на Македонија | | |
| **Член 18:** Овој член предвидува производителите регистрирани во странство кои испорачуваат спакувани стоки купени преку интернет (Али Баба, Амазон..) да назначат овластен претставник | **<u>Коментарот не се прифаќа</u>**<u>.</u><br><br><u>Плаќање на надоместок од страна на граѓаните е спротивно со начелото Одговорност на производителот, врз основа на која е основан предлог законот. Истотака ваквиот пристап може да претстави дискриминација на граѓаните кои користат е-трговија.</u> | Не се направени корекции во предлог законот. |

| | | |
|---|---|---|
| кој ќе ги превземе обврските од ЗУПОП и ПОП.<br><br>**Предлог:**<br><br>Како пореална опција од граѓаните да се наплаќа еднократен паушал или по волумен/тежина на пратката и тоа да се уплаќа на наменската сметка на МЖСПП за оваа намена. Предлог е паушалот да биде 30-50 ден/парче во пратка. | | |
| **Член 21, став (4),** кој ги дефинира национални цели за постапување со отпад од пакување за 2020 (60% од тежината на отпадот од пакување) се повисоки од оние наведени за 2021 година (55% од тежината на отпадот од пакување во РСМ)!<br><br>**Предлог:**<br><br>Националните цели за 2020та година бидат намалени на 55% од тежината на отпадот од пакувањето што е создаден на територијата на Република Северна Македонија, треба да се преработи или да се употреби за добивање енергија". Понатаму, предлагаме специфичните цели за 2020та година по тип на отпад | **Коментарот во однос на целите за 2021 се прифаќа.** Во таа насока во предлог законот нема да има годишни цели, туку за постепено постигнување на целите за 2030 и 2035 министерот кој раководи со органот за животна средина ќе ги утврдува годишните цели за собирање, рециклирање и преработка во согласност со планските документи усвоени согласно со прописите за управување со отпад, најдоцна до 15 декември во тековната година за наредната година. | Направени се корекции во предлог законот!<br><br>**Членот 21 е корегиран** |

| | | |
|---|---|---|
| бидат преуредни на согласно реалноста на следниот начин:<br><br>**40%** наместо предложените 60 % **од тежината за стакло**;<br>**70%** наместо предложените 60 % **од тежината за хартија и картон**;<br>**30%** наместо предложените 50 % **од тежината за метали**;<br>**30%** наместо предложените 20 % **од тежината за дрво**;<br>**40%** наместо предложените 30 % **од тежината за пластика**, "со тоа што се зема предвид само материјалот кој е рециклиран назад во пластика".<br><br>**Предлог:**<br><br>Реално остварливи специфични национални цели. Дел од специфичните цели предлагаме да се зголемат (хартија, пластика и дрво), а дел предлагаме да се намалат (стакло и метал). Вкупната стапка на рециклирање те. националната цел од 55% (сега 60% во ЗУПОП) не би била загрозена. Со оглед дека нашите предложени цели за 2020 година | | |

| | | |
|---|---|---|
| се поблаги од постојните, сметаме дека нема пречки да стапат на сила веднаш со донесување на новиот ЗУПОП. | | |
| Член 25 став 2 и став 3 од истиот член<br><br>Предлог:<br><br>Самостојното постапување на производителот со одредени типови на отпад треба да остане како можност. Регулаторот може да воспостави критериуми и секако детална контрола дали и како тоа го прави производителот. Цементарница Усје е одличен пример дека производителот може самостојно да постапува со некои од тековите на отпад од пакување (само за оние текови каде реално може да се спроведе самостојно постапување). Укинувањето на ваква можност е само дополнителен финансиски товар, а практично нема подобро решение од тоа корисниците да се стимулираат да ги враќаат дрвените палети кај производителот, пракса што и сега ја применуваме. Во член 25 став 2 од Предлог Законот за пакување и отпад од пакување има таква можност, но во став 3 | НЕ СЕ ПРИФАЌА. Концептот на системот кај отпадот од пакување е таков бидејќи се работи за масовно и секојдневно генерирање на отпад од пакување, количина која се разликува од другите текови на отпад (на пример отпадни батерии, електрична опрема и др.) и колективното постаување дава поголема можност за воспоставување на ситемот т.е. постигнување на националните цели предвидени во член 21. | Не се направени корекции во предлог законот. |

| | | |
|---|---|---|
| од истиот член таа се укинува и дава обврска да склучуваме договор со колективен постапувач. По однос на минималните прагови, за колективните постапувачи, Цементарница Усје предлага да се прифати најнискиот реално можен/ спроведлив праг, а се со цел да се поттикне конкурентноста на пазарот. | | |
| **Член 32**, ги дефинира обврски и одговорностите на единиците на локалната самоуправа.<br><br>Предлог:<br><br>Да се вметне став дека локалните сапоуправи се одговорни и "за исполнување на националните цели на територијата на својата општина". Со ова сметаме дека ќе се обезбеди поголема посветеност на локалните самоуправи во взаемните активности за достигнување на националните цели за собирање и рециклирање на отпад од пакување. | **Коментарот не се прифаќа.**<br>Единиците на локалната самоуправа се надлежни и одговорни во однос на отпадот од пакување кој потекнува од домаќинствата, а националните цели се однесуваат за целиот отпад од пакување. Во ова насока ЕЛС не може да се товарат со одговорноста за исполнување на националните цели на територијата на својата општина. Дополнително, со новите одредби од законот каде се уредува дека и собирањето на отпадот ќе биде организирано од колективните постапувачи, обврската за националните цели останува за нив (колективни постапувачи) а секој производител е должен да учествува во постигнувањето на националните цели во тековната година со количина која е најмалку еднаква на односот на неговиот удел во вкупната количина на пакувања што се пуштени на пазарот во Република Северна Македонија во претходната година по категорија на производи. | Не се направени корекции во предлог законот. |
| **Член 39**, дефинира некакво доброволно договарање со МЖСПП и Владата на РСМ. Ве молиме за појаснување што се | Доброволното договарање е предвидено како можност не како обврска! Одредбата има за цел да воспостави доброволен механизам со кој би се постигнале повисоки цели од оние кои се предвидени во законот. Под услов целите наведени во членот 21 да се постигнати, производителите можат преку договори со Владата да бараат исполнување на повисоки цели. | Не се направени корекции во предлог законот. |

| | | |
|---|---|---|
| очекува од овој член и врз основа на што е ставен | | |
| **Член 41**, го регулира делокругот на надзор на државниот инспектор за животна средина.<br><br>**Предлог**:<br><br>Да се додаде став "проверува дали се точни количините на отпад од пакување кои производителот ги пријавува како пуштен отпад од пакување на пазарот за даден период". Со прифаќање на оваа забелешка, се врши притисок врз производителите да пријавуваат точни количини, без свесно намалување на пријавениет количини со цел избегнување на реално плаќање кон колективните постапувачи или кон МЖСПП. | **Коментарот се прифаќа.**<br>Во предлог законот ќе се направат потребните интервенции. | Потребните корекции се направени во членовите 41, 42 и 51 од предлог законот) |
| **Член 44, во став (1) алинеја 4,**<br><br>**Предлог:**<br><br>Наместо "изјава од производителот за постапување со отпад од пакување", овластените инспектори да бараат "**потврда** од колективен постапувач или МЖСПП за платен надоместок за | **Коментарот делумно се прифаќа.**<br>Во предлог законот ќе се направат потребните интервенции, наместо „изјава" ќе се предвидува да се бара „потврда".<br><br>Барањето трговецот да престане да ги продава производите од тој производител **не се прифаќа.** Трговецот не може да го обврзува производителот да биде дел од системот или да го плаќа надоместокот за управување со отпад од пакување. Воспоставениот систем во предлог законот се очекува тоа да го постигне.<br>За компаниите кои не се дел од колективен систем и/или не плаќат надоместок за управување со отпад од пакување се предвидени соодветни прекршоци:<br><br>Член 50 став (1) точки 21 и 22 | Барањето наместо „изјава" да се бара „потврда" е инкорпорирано во целиот текст на предлог законот. Воедно е ставен и прекршок за трговецот доколку не обезбеди потврда. |

| | | |
|---|---|---|
| постапување со отпад од пакување во претходната година.<br><br>Доколу не достави потврда во рок од 7 дена, трговецот да престане да ги продава производите од тој производител". Со ова очекуваме значително да се намали бројот на компании кои не плаќаат никаде за систем за селекција и рециклирање на отпадот од пакување. Уште повеќе, МЖСПП ќе може да наплати и ретроактивно од компаниите кои минатата година не пријавувале отпад од пакување во колективен постапувач и ќе мора да платат кон буџетот на МЖСПП. Доколку сами даваат изјава како што е предложено во законот, истото ќе се манипулира и фингира. | 18) не склучил договор за превземање на обврските за постапување со отпадот од пакување согласно член 25 став (3) од овој закон;<br>19) не се регистрира како мал производител, не води евиденција и не доставува извештаи согласно член  26 став (2) од овој закон;<br><br>Член 51 став (1) точка 3<br><br>*3)* не плаќа надоместок за управување со отпадот од пакување во определен рок согласно член 35 став (1) и став (6) од овој закон. | |
| **Член 52** дефинира прекршочни санкции од трета категорија.<br><br>**Предлог:**<br><br>Да се додаде нов став "продава производи од производители кои не доставиле потврда од колективен постапувач или МЖСПП за платен надоместок за постапување со отпад од пакување во претходната година". Со ова ќе се направи притисок врз трговците, кои пак ќе направат | **Коментарот не се прифаќа.**<br>Трговецот не може да биде одговорен доколку одреден производител не ги исполнува своите обврски предвидени со овој предлог закон.<br>Предлог законот предвидува јасни обврски за производителите да се вклучат во колективните системи или доколку не се вклучуваат да плаќат надоместокот за управување со отпад од пакување. За неисполнување на овие обврски, конкретни прекршоци се предвидени во предлог законот. | Не се направени корекции во предлог законот. |

| | | |
|---|---|---|
| дополнителен притисок кон производителите да се усогласат со ЗУПОП.<br><br>Генерално, сметаме дека новиот ЗУПОП е чекор напред во дорегулирање на оваа област на управување со отпадот и се надеваме на доследна имплементација.<br><br>Се надеваме дека внимателно ќе ги разгледате нашите забелешки и коментари и ќе ги вклучите во крајната верзија на ЗУПОП. Ние во Асоцијацијата за управување со посебните текови на отпад се обидуваме конструктивно да придонесеме кон новиот закон и кон зголемување на стапките на селекција и рециклирање на отпадот воопшто. | | |
| **ЕКО ХИТ** | | |
| **Член 17**<br>**Регистрација**<br><br>Производителите кои пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници, спакувани стоки во РепубликаСеверна Македонија, се обврзани да се регистрираат кај стручниот орган, во согласност со начинот и постапката утврдени | Коментарот е прифатлив и степенот на инкорпорирање во предлог законот ќе се разгледува со наведените институции.<br>Првично треба да се провери можноста за применување на ваквото законско решение, имајќи ги предвид воспоставените системи за евиденција во Царинска управа и УЈП. | Ова се уредува во Законот за проширена одговорност на производителот затоа што целата регистрација е префрлена во тој предлог закон. |

| | | |
|---|---|---|
| со прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.<br><br>➢ Да се потенцира дека податоците за производителите, надлежното министерство ќе ги добива од Царинската управа и од УЈП, за секој нов производител, веднаш по увозот, односно производството и да се стават во база на податоци, со цел сите компании во државата да се вклучат во систем кај колективните постапувачи или кај надлежниот државен орган.Со ова се избегнува некоја компанија да биде надвор од системот на евиденција и се олеснува контролата на надлежните инспекции при контрола на правните лица. | | |
| **Член 19** | **Коментарот се прифаќа.**<br>Во предлог законот ќе се направат потребните интервенции со цел избегнување на манипулации со пријавените количини на пакувања пуштени на пазар. | Потребните корекции се направени во член 19 од предлог законот. |

| | | |
|---|---|---|
| **Водење евиденција и известување**<br><br>➢ Во став 3 и 4 да се дополни, увозникот да го евидентира отпадот од пакување, согласно царинската декларација и да се евидентираат палетите кои се неповратни.<br>➢ Производителот да ги пополнува извештаите врз основа на издадените излезни месечни фактури, со цел да се избегне манипулација со пријавената количина на отпадот од пакување. | | Следствено, корегирани се и членовите кои се однесуваат на инспекциски надзор и прекршочни одредби.<br><br>(Види член 19, 41 и 42) |
| **Член 23**<br>**Финансиска гаранција**<br><br>(1) Производителот е должен да обезбеди финансиска гаранција за спроведување на своите обврски кои произлегуваат од овој закона кои се однесуваат за | **<u>Коментарот делумно СЕ прифаќа.</u>**<br><br><u>Оваа материја (Финансиска гаранција) детално е уредена со Предлог Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад (членови 25-28).</u> | Не се направени корекции во предлог законот.<br><br>Во овој предлог закон има одредба која упатува за ЗПОП. |

| | | |
|---|---|---|
| собирање, третман и преработка како и рециклирање на отпадот од пакување.<br>(2) Финансиската гаранција се обезбедува за секоја календарска година, согласно прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад.<br><br>Во став 1 и 2 да се дополни, полисата за осигурување да биде винкулирана во корист на МЖСПП и да се активира во случај на неисполнување на обврските на колективниот постапувач, по неодобрениот годишен извештај.<br>Со ова сметаме дека сите производители од системот на колективните постапувачи се заштитени за исполнување на нивните права и обврски, кои произлегуваат од потпишаните договори.<br>Сметаме дека може да се интервенира и во делот на обврските на колективните постапувачи, со цел да се зајакне | | |

| | | |
|---|---|---|
| нивната улога во креирањето на овој систем за управување со пакување и со тоа да се овозможи ситемот да функционира подеднакво во сите региони во државата за да се постигне рамноправност и да се избегне како досега, инвестирање само во одредени градови или делови.Оттука, потенцираме дека нашето искуство во оваа област, укажува на фактот дека за вклучување на сите компании и еднаков третман на сите производители, треба да постојат повеќе оператори – колективни постапувачи за да се импементира интегрираниот систем за отпад од пакување во Дебар и Делчево подеднакво, како најоддалечени точки во државата, а не само во градовите во кои колективните постапувачи инвестираат, за што надлежниот орган има најточни податоци.<br>Во случај да ги прифатите нашите предлози или имате потреба од доплнителни прашања, подготвени сме да | | |

| | | |
|---|---|---|
| учествуваме во понатамошна дискусија. | | |
| Коалиција за животна средина | | |
| Прашањето за намалување на употребата на пластичните ќеси, препорачуваме да биде уредено со посебен подзаконски акт, односно правилник (по Диркетивата 94/62/ЕС) | **Коментарот не се прифаќа!**<br>Во подзаконски акт не може да се пропишуваат права и обврски, па од таа причина правата, обврските вклучувајќи и забраната сметаме дека треба да се пропишуваат со овој предлог закон.<br>Воедно, деталите во однос на спроведувањето на ова мерка ќе се пропишуваат во подзаконски акт предвиден во Членот 10 став (6):<br>„(6) Министерот кој раководи со органот за животна средина ги пропишува стандардите за биоразградливост од став (3) на овој член кои треба да ги исполнуваат кесите за носење на стоки, начинот на пуштање на пазар на биоразградливите кеси од страна на трговците како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција од став (5) од овој член.“ | Не се направени корекции во предлог законот! |
| Кон целите на предлог Законот за управување со пакување и отпад од пакување утврдени во член 3, сметаме дека треба да бидат дополнети/поспецифично објаснети. | Целите на законот се пропишани согласно номотехничките правила и дефинирани согласно европското законодавство. Дополнително, го следат истиот јазик на досегашните одредби кои се однесуваат на целите, за кои досега сосема јасна беше примената. | |
| Член 6 – Дефиниции<br>9) „Оксо-разградливи пластични кеси за носење“ се пластични кеси за носење изработени од пластични материјали кои вклучуваат адитиви кои го забрзуваат распаѓањето на пластичните материјали во микро – делови; | **Коментарот не се прифаќа.**<br>Дефиницијата за оксо-разградливи пластични кеси е согласно Директивата 1994/62 за пакување и отпад од пакување.<br>“ ‘oxo-degradable plastic carrier bags’ shall mean plastic carrier bags made of plastic materials that include additives which catalyse the fragmentation of the plastic material into micro-fragments“<br><br>Истата е предвидена во предлог законот за да дава објаснување за член 14 став (4) од предлог законот. | |

| | | |
|---|---|---|
| ЗАБЕЛЕШКА: Во Законот, член 6 став 9, се дефинираат оксо-разградливи пластични кеси за носење, но никаде во текстот од предлог Законот не се уредуваат, ниту споменуваат, освен во член 14, став 4, каде се заклучува дека оксо-разградливото пластично пакување не се смета за биоразградливо. | | |
| **Член 10 - Пуштање на пазар на кеси за носење на стоки**<br><br>(1) Се забранува пуштањена пазарот во Република Северна Македонија на пластични кеси за носење на стоки.<br><br>**Дополнување:**<br>**Целосно** се забранува пуштање на пазарот во Република Северна Македонија пластични кеси за една употреба, вклучувајќи **многу лесни пластични кеси за носење на стоки, лесни пластични кеси за носење на стоки и оксо-разградливи пластични кеси за носење**.<br>**Објаснување:** | **Коментарот делумно се прифаќа.**<br>Во членот 10 ќе се интервенира со цел специфирање на типовите на пластични кеси кои се забрануваат и кои кеси може да се пуштат на пазар со надоместок од потрошувачите.<br><br>Зголемувањето на надоместокот од 10 МКД на 15 МКД ќе се разгледува како можност, со тоа што ќе се има во предвид и влијанието на зголемувањето врз потрошувачите и бизнис заедницата.<br><br>Во однос на можноста да се купи хартиена кеса која е изработена од рециклирана хартија, или по цена од 70 денари по парче да се купи повеќекратна платнена торба, која ќе може бесплатно да се замени доколку истата се оштети, сметаме дека тоа треба да се остави на слободниот пазар. | Делумно се прифатени коментарите/Корекции во член 10 од предлог законот. |

| | | |
|---|---|---|
| **Се препорачува специфицирање на типовите пластични кеси кои целосно се забрануваат со цел да се оневозможи погрешно толкување.**<br>(2) По исклучок од став (1) на овој член, со плаќање на надоместок од страна на крајните корисници, дозволено е пуштање на пазарот во Република Северна Македонија биоразградливи кеси за носење на стоки кои се произведени согласно пропишаните стандарди за биоразградливост, освен многу лесните пластични кеси за носење на стоки.<br>**Дополнување:**<br>По исклучок од став (1) на овој член, со плаќање на надоместок од страна на крајните корисници, дозволено е пуштање на пазарот во Република Северна Македонија биоразградливи **лесни** кеси за носење на стоки кои се произведени согласно пропишаните стандарди за биоразградливост, освен многу лесните пластични кеси за носење на стоки. | | |

| | | |
|---|---|---|
| (3) Надоместокот кој треба да го плаќаат крајните корисници од став (2) на овој член за пластичните кеси за транспорт на стоки изнесува 10 денари за парче и истиот се плаќа на трговецот на местото на продажба.<br>**Дополнување/менување:**<br><br>(3) Надоместокот кој треба да го плаќаат крајните корисници од став (2) на овој член за пластичните **биоразградливи лесни кеси** за транспорт на стоки изнесува **15 денари за парче и истиот се плаќа на трговецот на местото на продажба.**<br>**Објаснување:**<br>**Доколку се зголеми цената на биоразградливите лесни кеси, корисниците ќе ја намалат побарувачката и потрошувачката на истите. Сепак треба да се предвиди соодветна замена на продажните места и зелените пазари на пример: да има можност по цена од 5 или 10 денари (во зависност од големината) по парче да се купи хартиена кеса која е изработена** | | |

| | | |
|---|---|---|
| **од рециклирана хартија, или поцена од 70 денари по парче да се купи повеќекратна платнена торба, која ќе може бесплатно да се замени доколку истата се оштети.**<br>(4) Трговецот од ставот (3) на овој член е должен да води евиденција на квартална основа за бројот на продадени кеси на продажното место и вкупната сума добиена од надоместокот од продадените кеси на квартална основа ја пренесува на посебна сметка на органот за животна средина отворена за таа намена.<br>**Дополнување:**<br>Трговецот од ставот (3) на овој член е должен да води евиденција на квартална основа за бројот на продадени **биоразградливи лесни кеси** на продажното место и вкупната сума добиена од надоместокот од продадените **биоразградливи лесни кеси** на квартална основа ја пренесува на посебна сметка на органот за животна средина отворена за таа намена, **на име еколошка такса (данок), заедно со таксата која трговецот ја плаќа за загадување со пластични кеси** | | |

| | | |
|---|---|---|
| **која ќе изнесува 20% од цената на продадените кеси.**<br>**Објаснување:**<br>**Средствата од продадените биоразградливи кеси да се префрлуваат на сметка отворена за таа намена на име еколошка такса (данок)(член 4), а трговецот дополнително да плаќа такса за загадување со пластични кеси која ќе изнесува 20% од цената на кесите.** | | |
| **Член 16 - Идентификација и означување на пакувањето**<br><br>(2) Пакувањето треба да биде идентификувано и означено со соодветна ознака на самото пакување или на неговата етикета.<br><br>**Дополнување:**<br><br>(2) Пакувањето треба да биде идентификувано и означено со соодветна ознака на самото пакување или на неговата етикета. **Биоразградливите кеси треба да бидат обележани со ознака за биоразградливост, разбирлива за потрошувачите** | **Коментарот не се прифаќа.**<br>Согласно овој предлог закон, кесите исто така се сметат за пакување и како такви ќе подлежат на идентификација и означување.<br>Врз основа на член 16 став 5 со подзаконски акт Министерот кој раководи со органот за животна средина во согласност со министерот за економија ќе ги пропише начинот на нумерирање и кратенките на кои се заснова системот за идентификација и означување на материјалите од кои е произведено пакувањето, како и формата и содржината на ознаката за постапување со пакувањето. Во овој подзаконски акт се очекува да се транспонира Одлуката 97/129 на Европска унија со која се воспоставува системот за идентификација и означување на пакување. | Не се направени корекции во предлог законот.<br><br>Во одлуката 97/129 нема ознака за биоразградлив материјал.<br><br>Во Директивата 94/62 во член 8а е предвидено како што следува:<br><br>Article 8a<br>Specific measures for biodegradable and compostable plastic carrier bags<br><br>By 27 May 2017, the Commission shall adopt an implementing act laying down the specifications of labels or marks to ensure Union-wide recognition |

| | | |
|---|---|---|
| **која ќе даде информации дали кесата може да биде рециклирана.**<br><br>III ОБВРСКИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ<br><br>**Да се специфицираат обврските за производителите или увозниците на биоразградливи лесни кеси за носење.** | | of biodegradable and compostable plastic carrier bags and to provide consumers with the correct information about the composting properties of such bags. That implementing act shall be adopted in accordance with the regulatory procedure referred to in Article 21(2).<br>18 months after the adoption of that implementing act, at the latest, Member States shall ensure that biodegradable and compostable plastic carrier bags are labelled in accordance with the specifications provided for in that implementing act. |
| **Член 17 – Регистрација**<br><br>Производителите кои пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници, спакувани стоки во Република Северна Македонија, се обврзани да се регистрираат кај стручниот орган, во согласност со начинот и постапката утврдени со прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад. | **Коментарот не се прифаќа.**<br>Согласно овој предлог закон, кесите исто така се сметат за пакување и обврската за регистрација за производителите важи и за производителите на кеси. Од таа причина сметаме дека нема потреба да се специфицираат обврските на производителите на кеси. | Не се направени корекции во предлог законот. |

| | | |
|---|---|---|
| **Дополнување:**<br><br>**Член 17 – Регистрација**<br><br>Производителите кои пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници, спакувани стоки во РепубликаСеверна Македонија, се обврзани да се регистрираат кај стручниот орган, во согласност со начинот и постапката утврдени со прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.<br>**Истата обврска ја имаат и производителите кои пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници биоразградливи лесни кеси за носење стоки.** | | |
| **Член 18 - Производители регистрирани во странство**<br><br>Производителот кој не е регистриран во Република Северна Македонија, а кој пушта на пазарот во Република Северна Македонија спакувани стоки преку комуникација од далечина (е-трговија), обврските кои произлегуваат од овој закон ги извршува преку назначување на | **Коментарот не се прифаќа.**<br>Согласно овој предлог закон, кесите исто така се сметаат за пакување и обврската за производителите регистрирани во странство важат и за производителите на кеси. За таа причина сметаме дека нема потреба да се специфицира обврската за производителите на кеси. | Не се направени корекции во предлог законот. |

| | | |
|---|---|---|
| овластен застапник, согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.<br><br>**Дополнување:**<br><br>**Член 18 - Производители регистрирани во странство**<br><br>Производителот кој не е регистриран во Република Северна Македонија, а кој пушта на пазарот во Република Северна Македонија спакувани стоки преку комуникација од далечина (е-трговија), обврските кои произлегуваат од овој закон ги извршува преку назначување на овластен застапник, согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.<br>**Истата обврска ја имаат и** производителите кои не се регистрирани во Република Северна Македонија, а кој пуштаат на пазарот во Република Северна Македонија **биоразградливи лесни кеси за носење стоки** преку | | |

| | | |
|---|---|---|
| комуникација од далечина (е-трговија). | | |
| **Член 21 - националните цели за постапување со отпад од пакување**<br><br>**(3) Дополнување цели за намалување на употреба на биоразградливи лесни кеси за носење, кон евиденцијата од страна на трговецот и производителот, утврдено во член 10 и член 19, чијашто употреба целосно се забранува по три години од стапување на сила на овој Закон:**<br>**- 75 %до 2023,**<br>**- 100% до 2024.** | Предлогот ќе се разгледува и провери дали истиот може да се применува. Воедно ќе се провери да е во согласност со Директивите на ЕУ. | “National reduction targets” за пластични кеси може да се предвидат согласно Директивата, но за целосна забрана до 2024 треба да ја анализираме добро одлуката. Во овој момент не може само да ја ставиме како целосна забрана до 2024. |
| **Член 26 - Ослободување - мал производител**<br><br>(1) Обврската од членот 25 на овој закон не се однесува на производител кој на пазарот во Република Северна Македонија, годишно пушта или увезува за | Коментарот не се прифаќа – производителите имаат избор дали сакаат да учествуваат во колективен или да плаќаат паушал како надоместок. Во секој случај малите производители плаќаат надоместок, па оттука не се прифаќа предлогот. | Не се направени корекции во предлог законот. |

| | | |
|---|---|---|
| своите потреби спакувани стоки во количини исти или помали од:<br>- 800 кг стакло;<br>- 100 кг пластика;<br>- 300 кг хартија, картон како и повеќеслојно пакување најмногу сочинето од картонски делови;<br>- 100 кг метал, и<br>- 100 кг дрво.<br><br>**Дополнување/менување:**<br><br>(1) Обврската од членот 25 на овој закон **се однесува и на** производител кој на пазарот во Република Северна Македонија, годишно пушта или увезува за своите потреби спакувани стоки во количини исти или помали од:<br>- 800 кг стакло;<br>- 100 кг пластика;<br>- 300 кг хартија, картон како и повеќеслојно пакување најмногу сочинето од картонски делови;<br>- 100 кг метал, и<br>- 100 кг дрво. | | |

| | | |
|---|---|---|
| (6) Производителот од ставот (1) на овој член, не е должен да обезбеди управување со отпадот од пакување доколку количината на пакување кое е пуштено на пазар или е увезено не ги надминува количините на годишно ниво утврдени во ставот (1) на овој член.<br><br>**Дополнување/менување:**<br><br>**(6) Производителот од ставот (1) на овој член, е должен да обезбеди управување со отпадот од пакување со склучување договор за преземање на обврска за постапување со отпадот од пакување со Колективен постапувач со отпад од пакување кој е основан и поседува дозвола согласно прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.** | | |
| **Член 59 - Влегување во сила**<br><br>(1) Овој закон влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во „Службен Весник на Република Северна | **<u>Коментарот не се прифаќа.</u>**<br><br><u>Независно од рокот кога ќе се усвои предлог законот, сметаме дека одредбите кои се однесуват на пластичните кеси треба да имаат одреден рок на одложена примена со цел трговците и потрошувачите да се подготват за нивно применување.</u> | Не се направени корекции во предлог законот. |

| | | |
|---|---|---|
| Македонија“ а ќе почне да се применува од 1 јули 2020 година.<br>(2) Одредбите од член 10 од овој закон ќе почнат да се применуваат од 1 јануари 2021 година.<br><br>Дополнување/менување:<br><br>(1) Овој закон влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во „Службен Весник на Република Северна Македонија“ а ќе почне да се применува од 1 јули 2020 година.<br>(2) Одредбите од член 10 од овој закон ќе почнат да се применуваат од **1 јули 2020 година.**<br><br>• Потребно е да има:<br><br>посебен регистар за Колективни собирачи;<br>посебен регистар за мали производители и<br>посебен регистар за големи производители<br>Во посебна глава да се утврдат критериуми кои треба да ги исполнуваат производителите и одлагачите на отпад, за истите да | Во однос на коментарот за посебните регистри, ова прашање е уредено во Предлог Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад (член 14 и член 44).<br><br>Член 14 став (4) предвидува:<br>„(4) Регистарот на производители со проширена одговорност се води електронски според видот и категоријата на производот, видот на отпадот за секој тек на отпад одделно што се создава од отпадниот производ, а кои се утврдени во прописите за посебните текови на отпад, како и според видот на производителот по обем тогаш кога согласно прописите за посебните текови на отпад е дадена можност да се биде мал производител.“<br><br>Член 44 став (1) предвидува:<br>„(1) Стручниот орган води регистар на Колективни и самостојни постапувачи.“ | |

| | | |
|---|---|---|
| бидат регистрирани согласно Закон,<br>Обврска на производителите и собирачите на отпад, да достават гаранција во износ од ... за надомест на штета како услов за регистрација.<br>Сметаме дека со наведените препораки за дополнување/специфицирање на одредбите кои се однесуваат на платичните кеси, значително ќе се подобри законската рамка во смисла на намалување на загадувањето на животната средина од отпадот од пластичните кеси, кој не се рециклира, туку најчесто завршува во природата и го загрозува целиот еко-систем.<br>Со целосна забрана за употреба на платичните кеси, вклучувајќи ги и биоразградливите (по три години примена на овој Закон) и секако со de facto имплементација на законските одредби, а тоа значи и функционалност на надлежните инспекциски тела, сметаме дека барем еден мал сегмент во однос на загадувањето на животната средина, но значително | | |

| | | |
|---|---|---|
| проблематичен, ќе биде соодветно решен. | | |
| Здружение за одржлив развој и заштита на животната средина „Гоу Грин“ | | Доставените коментари на „Гоу Грин“се однесуваат на Директивата 2019/904, која се уште е во прва фаза на транспозиција и во земјите членки на ЕУ и тие имаат одложени рокови за примена.<br><br>Директивата дава можност за забрана за пуштање на пазар на одреден број на производи (Член 5) во кој на пример спаѓаат „ Food containers made of expanded polystyrene“ а од друга стран за „ Food containers“ направени од други материјали треба да се постигне одредено намалено користење.<br>Но, во оваа фаза не се врши транспозиција на оваа директива. По донесувањето на овој закон, ќе започне да се работи на транспонирање и на оваа Директива, за што треба да се направи детална анализа на истата и да се одлучи што ќе се транспонира и како ќе се транспонира во специфичните |

| | | |
|---|---|---|
| | | национални пазарни услови. Само пресликување на предложените членови може да доведе до несоодветно транспонирање.<br><br>Дополнително за транспонирање на ова Директива, треба да се има во предвид и како истата ќе влијае на пазарот. |
| Коментарите доаѓаат во насока на ограничување на употреба на пластиката за еднократна употреба и се водени од усвоената *ЕУ Директива 2019/904* за спречување на пластика за еднократна употреба. Директивата на ЕУ ја дефинира конкретно пластиката и производите за еднократна употреба, но во овој предлог Закон е наменет за пакување и затоа предлогот е да се препознае таквата пластика за еднократна употреба, и за почеток да се регулираат транспортно пакување на храна.<br>Предлог 1: | КОМЕНТАРОТ ДЕЛУМНО СЕ ПРИФАЌА<br><br>Одредбите од овој закон се применуваат на сите видови на пакувања кои се пуштаат на пазар на територијата на Република Северна Македонија и на целиот отпад од пакување кој се создава во домаќинствата и од вршењето на индустриска, трговска, продажна, услужна, административна, како и друга дејност на територијата на Република Северна Македонија, без оглед на видот на материјалот на пакувањето и на отпадот од пакување.<br><br>Предметите за еднократна употреба кои претставуваат пакување се препознаени во предлог законот во член 7. Во критериумите за определување кој предмет е пакување, во член 7 став (1) точка 2 се вклучени и предметите наменети за еднократна употреба.<br>Врз основа на став (2) Министерот кој раководи со органот за животна средина ќе објавува листа на илустративни примери за пакувања согласно критериумите од став (1) на овој член.<br>*Член 7*<br>*Критериуми за определување на пакување*<br>*(1) За определување кој предмет е пакување, освен дефиницијата од член 6 став (1) на овој закон, ќе се применуваат и следните критериуми:*<br>*1) предметот ќе се смета за пакување ако ја исполнува дефиницијата од член 6 став (1) на овој закон, без оглед на другите функции кои можеби ги поседува, под услов пакувањето да е интегрален дел од производот и е неопходно за чување на неговата содржина, го поддржува или штити производот во текот на целиот негов животен циклус и сите елементи на пакувањето се наменети да се употребуваат, трошат и отстрануваат заедно со производот,* | Не се направени корекции во предлог законот. |

| | | |
|---|---|---|
| Во **член 6 Дефиниции**, да се препознае пластиката за еднократна употреба, како став 6<br>(6) Пластика за еднократна употреба значи производ кој е целосно или делумно направен од пластика и не е направен, дизајниран или пуштен на пазарот за да постигне повеќекратна употреба<br>Терминот е земе како директен превод од дефиницијата во Директивата 2019/904 кој гласи: 'single-use plastic product' means a product that is made wholly or partly from plastic and that is not conceived, designed or placed on the market to accomplish, within its life span, multiple trips or rotations by being returned to a producer for refill or re-used for the same | ***2) предметот кој е дизајниран или наменет да се наполни со содржина на местото на продажбата и предметот наменет „за еднократна употреба“ што се продава, полни или е дизајниран и наменет да се наполни на местото на продажба, ќе се смета за пакување под услов да ја исполнува функцијата на пакување.***<br>*3) составните делови на пакувањето и помошните елементи на пакувањето кои се вградени во пакувањето се сметат дека се дел на пакувањето во кое се вградени. Помошните елементи кои се директно обесени, или прикачени на еден производ и кои вршат функција на пакување се сметаат за пакување, освен ако не се составен дел од тој производ и ако сите елементи се наменети да се користат или да се отстранат заедно со производот.*<br>*(2) Министерот кој раководи со органот за животна средина објавува листа на илустративни примери за пакувања согласно критериумите од став (1) на овој член.*<br><br>Имајќи предвид предметот на уредување на овој предлог закон, **Директивата 2019/904** би можело да се транспонира во предлог законот парцијално т.е во однос на предметите кои претставуваат пакување. За да се направи транспонирање на **Директивата 2019/904** во предлог законот првично треба да се направи добра анализа и соодветено да се планира транспонирањето на Директивата 2019/904. Директивата скоро е донесена (во Јуни 2019 година), и земјите членки имаат одреден рок за транспонирање на истата.<br>Република Северна Македонија како земја кандидат истотака ќе ја транспонира Директивата но прво ќе се направи анализа и план за транспонирање на истата.<br><br>Имајќи го предвид горенаведеното, предлогот ќе се анализира заедно со другите обврски кои ги наметнува Диективата и во оваа фаза ќе се сагледуваат можности ова материја да се уредува со подзаконски акт кој би се усвојувал во подоцнежен период. | |

| | | |
|---|---|---|
| purpose for which it was conceived; | | |
| Предлог 2:<br>Во **член 6 Дефиниции**, да се препознае пластиката за еднократна употреба за транспортно пакување на храна, како став 7<br>(7) Пластика за еднократна употреба за транспортно пакување на храна се пластични производи кои се употребуваат за складирање и транспорт на храна која нема потреба од дополнителна подготовка и готвење туку може да се конзумира веднаш.<br>Терминот е преземен од Директивата и гласи: Food containers made of expanded polystyrene, i.e. receptacles such as boxes, with or without a cover, used to contain food which:(a) is intended for immediate consumption, either on-the-spot or take-away,(b) is typically consumed from the receptacle, and(c) is ready to be consumed without any further preparation, such as cooking, boiling or heating,including | Имајќи го предвид горенаведеното објаснување, предлогот ќе се анализира заедно со другите обврски кои ги наметнува Директивата и во ова фаза ќе се рагледуваат можности ова материја да се уредува со подзаконски акт кој би се усвојувал во подоцнежен период. | Не се направени корекции во предлог законот. |

| | | |
|---|---|---|
| food containers used for fast food or other meal ready for immediate consumption, except beverage containers, plates and packets and wrappers containing food; | | |
| Предлог 3:<br>Да се додаде член:<br>**Член 11**<br>**Пуштање на пазар на пластика за еднократна употреба за транспортно пакување на храна**<br>(1) Се забранува пуштање на пазарот во Република Северна Македонија на пластика за еднократна употреба за транспортно пакување на храна (според член 6, став 7).<br>(2) По исклучок од став (1) на овој член, со плаќање на надоместок од страна на крајните корисници, дозволено е пуштање на пазарот во Република Северна Македонија биоразградливи пакувања за транспорт на храна кои се произведени согласно пропишаните стандарди за биоразградливост. | Имајќи го предвид горенаведеното објаснување, предлогот ќе се анализира заедно со другите обврски кои ги наметнува Директивата и во ова фаза ќе се ргледуваат можности ова материја да се уредува со подзаконски акт кој би се усвојувал во подоцнежен период. | Не се направени корекции во предлог законот. |

| | | |
|---|---|---|
| (3) Надоместокот кој треба да го плаќаат крајните корисници од став (2) на овој член за пластика за еднократна употреба за транспортно пакување на храна изнесува 30 денари за парче и истиот се плаќа на трговецот на местото на продажба.<br>(4) Трговецот од ставот (3) на овој член е должен да води евиденција на квартална основа за бројот на пакувања и вкупната сума добиена од надоместокот од пакувањата на квартална основа ја пренесува на посебна сметка на органот за животна средина отворена за таа намена.<br>(5) Трговецот за податоците од став (4) од овој член, води евиденција и е должен да ги пријави кај стручниот орган.<br>(6) Министерот кој раководи со органот за животна средина ги пропишува стандардите за биоразградливост од став (2) на овој член кои треба да ги исполнуваат | | |

| | | |
|---|---|---|
| транспортните пакувања на храна, начинот на пуштање на пазар на биоразградливите пакувања од страна на трговците како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција од став (4) од овој член.<br>(7) Стручниот орган, врз основа на евиденцијата од став (4) на овој член, најдоцна до 31 јануари во тековната година, ја утврдува годишната количина на транспортни пакувања за храна користени во Република Северна Македонија за претходната година, врз основа на методологијата утврдена во член 13 став (4) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад.<br>**Објаснување:**<br>Пакувањата за транспорт на храна кои се направени од пластика за еднократна употреба се користат во огромен број. Идејата е тие да се намалат и со овој | | |

| | | |
|---|---|---|
| член ќе се дестимулира нивното користење. Рокот за имплементација на овој член може да се преговара, но важно е да се препознае во било која форма за да воведе задолжително евиденција и да се влијае врз суштинско намалување на оваа пластика за еднократна употреба. | | |
| Предлог 4:<br>**Член 59**<br>**Влегување во сила**<br>(1) Овој закон влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во „Службен Весник на Република Северна Македонија“ а ќе почне да се применува од 1 јули 2020 година.<br>(2) Одредбите од член 10 од овој закон ќе почнат да се применуваат од 1 јануари 2021 година.<br>(3) Одредбите од член 11, став 1 од овој закон ќе почнат да се применуваат од 1 јануари 2023 година<br>(4) Одредбите од член 11, став 1 од овој закон ќе почнат да се применуваат од 1 јануари 2021 година | Во законот се изврши измена на начин со кој законот стапува на сила веднаш по донесувањето. | Направени се корекции во предлог законот. |

| | | |
|---|---|---|
| **Објаснување:** Плаќањето на овој вид пластика за транспорт на храна може да се воведе поскоро, а за забрана на пуштање на пазар може да се одложи. Роковите во ЕУ за забрана на пуштање на пазар пластика за еднократна употреба се од 3 јули 2021 година. | | |